11

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Пред-акцелераторска програма за поддршка на стартапи**

(Име на проектот)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: 26-06-2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 25 | 7/2 | / | / |

Битола 15.06.2020 година
(Место) (датум)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-62/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Фондација за одржлив економски развој Преда плус |
| Наслов на проектот | **Пред-акцелераторска програма за поддршка на стартапи** |
| Период на спроведување на проектот | **18.10.2019 до 18.06.219** |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Маријана Милевска |
| Проектен менаџер | Катерина Трајковска |
| Телефон и е-пошта за контакт | info@predaplus.eu; katerina.trajkovska@predaplus.eu<br>047 203113 |
| Цел на проектот | **Општа цел**:<br>Нашата цел е да создадеме пред-акцелераторска програма со едукативни обуки, вмрежување и менторство специјално дизајнирани да им помогнат на граѓаните од Вардарскиот регион да креираат претприемнички дух и капацитети за развој на стартап заедница како двигател на економијата во регионот.<br><br>**Специфични цели:**<br>✓ Креирање на пред-акцелераторска програма за развој на стартапи во Вардарскиот регион<br>✓ Зајакнување на претприемачките капацитети, знаење и потенцијал на граѓаните во Вардарски регион и да основаат и да водат бизнис<br><br>Проектот ќе воведе иновативни активности преку промоција и развивање на пред-акцелераторска програма преку која ќе се зајакнат капацитетите и вештините за развојот на претприемништво. |
| Целна група | **Целна група:** Граѓани на Вардарски плански регион (Студенти, средношколци, претприемачи )<br>**Диреkни корисници:** 20 учесници вклучени во креираната акцелераторска програма во Вардарскиот плански регион |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | **Целно подрачје:** Вардарски регион<br>**Локација**: Велес<br>**Ниво**: регионално |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 540.000 ден |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 540.190_ ден.(износот од 190ден е обезбеден како кофинансирање од Преда Плус и немаме побарување за тој износ) |

**2. Резиме -** Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот беше дизајниран со мотив да се раздвижи стартап сцената, надвор од Скопје, односно Вардарскиот регион и ќе придонесат во подобрување на економската ситуација во земјата. Проектните активности во овај проект беа директно насочени кон активното работоспособно население во Вардарски регион со цел да се обезбеди поголема свест за нивните силни страни и потенцијал за развивање сопствен бизнис, подобрување на нивните вештини и знаења и поврзување со други луѓе нудејќи едукативни обуки, менторство, и можности за вмрежување.

Една од идеите на овој проект во овој проект беше пренесување на искуството од креирање и пилотирање на пред-акцелраторска програма, ПРЕДА Плус во соработка со Икс Фактор акцелератор во Велес. Преда плус даде придонес во креирање и имплементација на пред-акцелерторска програма во Вардарскиот регион, со што придонесе во раздвижување на стартап сцената надвор од главниот град. Понатаму развиените идеи и потенцијални стартапи беа вклучени во напредни обуки и менторство во рамките на Икс фактор Акцелераторот во Велес. Ова е специјално дизајнирана претприемачка програма се погрижи да дефинира бизнис планови на избраните апликанти, да ги изгради потребните вештини за водење на идниот бизнис и да ги зголемите можностите за вмрежување и пристап до потенцијални инвеститори.Самата пред-акцелераторска програма како и организираните настани за вмрежување во склоп на проектот придонесе кон приближување на знаењето на учесниците во програмата до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции.

Со оглед на ситуацијата со COVID 19 –планираниот Демо ден за презентација на бизнис идеи се одржа како on line настан. Преда Плус и X Factor Accelerator прв пат во Македонија го хостираа првиотONLINE DEMO DAY на кој своите бизнис идеи ги презентираа 9 тимови, претходно селектирани во конкуренција од 20 претприемачи, кои успешно ја завршија интензивната шестнеделна тренинг и менторска програма. Она што овој настан покрај планираната содржина го направи посебен е фактот што истиот се реализираше со платформа за видео – конференции создадена од македонскиот стартап Vidict.

На Демо Денот идеите беа презентирани пред затворен круг од инвеститори, претставници на јавен и приватен сектор, академија и релевантни чинители на стартап – заедницата. Најдобро оценетите стартап – тимови ќе имаат можност да бидат финансирани од страна на X Фактор Акцелератор, во рамки на проектот кој се реализира со ФИТР, во партнерство со Светска банка.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА** | | | |
| *1.1.Работилница за пренос на искуства* | На работилницата тимот ПРЕДА плус ја презентира методологијата за развој на менторската и тренинг програма, претходно развиена за потребите на пред-акцелеаторската пилот програма во Пелагонискиот регион преку Employouth проектот. Исто на работилницата беше споделено искуството за воспоставување и водење на пред-акцелераторската програма и значењето на ПР кампањите за промоција на ваков вид на програма.<br>**АНЕКС I**<br>*Анекс 1- Дневен ред за реализација на работилницата*<br>*Анекс 2-Листа на присутни на состанокот*<br>*Анекс 3- ППП презентација*<br>*Анекс 4- фотографии од работилницата* | 20.11.2019 | Оваа работилница донесе специфични знаења и реални искуства од веќе имплементирана пилот пред-акцелераторска програма во Пелагонискиот регион. Воспоставени основните за креирање на предакцелераторка програма во X фактор акцелераторот во Велес |
| *1.2.Работилница за креирање на акцелераторска програма* | На работилницата тимот на ПРЕДА плус беше презентиран процесот и методологијата за креирање на специфична пред-акцелератоерска програма за Вардарски Регион.<br><br>Исто на работилницата се дискутираа спесифичните услови и екосистемот во Велес за развој на предакцелераторката програма како и условите за инкорпориање на предакцелраторската програма во веќе постоечката акцелераторска програма на X фактор акцелераторот.<br><br>Исто така беа дискутирани критериумите за повикот на идеи во пред-акцелераторската програма, како и критериумите за оцена на истите.<br>**АНЕКС II**<br>*Анекс 1- Дневен ред за реализација на работилницата*<br>*Анекс 2-Листа на присутни на состанокот*<br>*Анекс 3- ППП презентација*<br>*Анекс 4- Фотографии од работилницата* | 27.11.2019 | Креирани а) условите за повикот во предакелераторска програма<br>б) критериумите за аплицирање во предакцелераторкста програма<br>в) дефинирани целите и условите за организација на прввиот настан за вмрежување И ОД ВЕЛЕС СЕ МОЖЕ |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| *1.3 Креирање ПР кампања* | Комуникацијата со јавност е важен елемент во реализацијата на проектот од два сегменти. Едниот сегмент е промоција на самата акцелераторска програма, додека другиот сегмент е адекватно таргетирана на целната група која би аплицирала во акцелераторската програма. За таа цел во проектот беа подготвени следните комуникациски материјали: лого на програмата, on line форма за аплицирање во предакцелераторската програма, флаер, банер, и ПР постови по социјални медиуми и написи по портали.<br>**АНЕКС III**<br>*Анекс 1- LOGO И ОД ВЕЛЕС СЕ МОЖЕ*<br>*Анекс 2-Флаер*<br>*Анекс 3- банер*<br>*Аанекс 4- покана за настан*<br>*Анекс 5 – Креирани графички решенија за настани и промоција за социјални медиуми* | Номври/Декември 2019 | Креиран комуникациски пакет за промоција на проектот и промоција на шовикот за предакцелераторската програма |
| **ПРЕД-АКЦЕЛЕРАТОРСКА ФАЗА** | | | |
| *Избор на спроведувачи на менторкстата и тренинг програма за реализација на предаклцелераторската програма* | Преку процес на набавка на услуги ПРЕДА плус побара три понуди за реализација на менторки и тренинг услуги за реализација на предакцелераторската приограма. Трите понудувачи ги доставија своите понуди на е маил на 27 декмври 2019. Беше избрана најповолната понуда за реализација на меторска и тренинг програма. | Декември 2019 | Избрана најповолната понуда за реализација на менторска и тренинг програма кој ќе биде реализирана во периодот март/април 2019 |
| *Лансирање на Повик за избор на корисници во акцелераторската програма* | Подготвен повик за аплицирање во претакцелраторската програма, Повикот е лансиран на настанот за вмрежување одржан на 17.12 2019 и ќе трае до 31 01.2020. Повиот е искомунициран со јавноста преку испечатен флаер како и преку социјални медиуми.<br>**АНЕКС IV**<br>*Анекс 1- ПОВИК за апликации во претприемачката програма*<br>*И ОД ВЕЛЕС СЕ МОЖЕ*<br>*Анекс2 – Апликациона форма* | 17.12.2019 | -Креиран текст за повик во предакцелераторската програма<br>-Искомуницирaн повик за предакцелераторската програма преку електоронски и печатени медиуми и флаер.<br>-Креирана google type form |
| | Три члена комисија, според | Февруари 2020 | Креирана група од |


Влада на Република Северна Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Евалуација на учесници-оценување* | претходно утврдени критериуми во првата фаза, ги евалуираше пристигнатите идеи. На повикот пристигнаа вкупно 35 идеи. Од сите пристигнати апликации, комисијата избра 20 најуспешни кои ќе бидат вклучени во пред-акцелераторската програма.<br>**АНЕКС V**<br>*Анекс 1- Листа на аплицирани бизнис идеи во предакцелратоската проғтама* | | претприемачи со иновативни бизнис идеи кои што дополнително ќе ги развираат своите бизнис модели во меторската и тренинг програма на предакцелераторската програма. |
| *Менторска и едукативна (тренинг) програма за дефинитање на бизнис идеи* | Менторската програма се реализираше паралено со едукативната преку интензивна програма. Преку програмите се надградува постојните потенцијали на Вардарскиот регионот и човечките ресурси, фокусирајќи се на едуцирани граѓани во областа на претприемништвото, влегување на пазарот на трудот и подобрување на економијата во регионот.<br>**АНЕКС VI**<br>*Анекс 1-Извештај од реализираната менторска и тренинг програма*<br>*Анекс 2 Изјава за согласост за учество во менторската и тренинг програма*<br>*Анекс 3-Листи на присутни на менторската и тренинг програма*<br>*Анекс 4- Фотографии од менторските и тренинг сесиите* | Февруари/Март 2020 | 20 граѓани од Вардарскиот регион кои преку отворен повик за бизнис идеи преку специјално дизајниран менторска и тренинг програма;<br>1) Ги развиваат своите бизнис идеи во детални бизнис концепти и модели<br>2) ги надградуваат сопствените вештини и способности за водење на бизис |
| **АКТИВНОСТИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ** | | | |
| *Панел дискусија- прв мотивациски настан И ОД ВЕЛЕС СЕ МОЖЕ* | На првиот промотивен настан под слоганот И ОД ВЕЛЕС СЕ МОЖЕ пред 50 присутни беше лансиран повик за аплицирање во предакцелераторската програма беше реализиран на 17 декември, 17 часот во Страда кафе, Велес.<br>На настанот зедоа учество мотивирачки говорници кои го раскажаа својот пат на успехот, од идеја до успешна приказна и на тој начин инспирираа нови личности да ги остварат своите бизнис соништа.<br>**АНЕКС VII**<br>*Анекс 1- Листа на присутни*<br>*Анекс 2 – фотографии од настанот* | 17.12.2019 | - промовиран и лансиран првиот повик за предакцераторкса програма во Велес |
| *Панел дискусија (Нетворкинг ивент 2)* | На панел дискусијата пред 20 учесници на предакцелераторската програма во Велес, директорката на Преда Плус Маријана Милевска модерираше сесија на која учесниците | 03.03.2020 | - Вмрежување помеѓу учесниците на програмата, размена на искуства и знаења за подобрување на |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дискутираа за важноста од вмрежување, размена на искуства со бизнисмени со различни искуство како и вмрежување со стартап заедницата. Беа споделени конкретни примери и искуства за воспоставување и одржување на мрежи за соработка.<br>Исто така се разговараше за постоечките платформи за промовирање на иновативни идеи и важноста на инвеститорите во развојот на бизнис идејата.<br><br>**АНЕКС VIII**<br>*Анекс 1- Листа на присутни*<br>*Анекс 2 – фотографии од настанот* | | начинот на презентирање на бизнис идеи, продукти и услуги. |
| *Демо ден* | Демо денот као завршница на предакцелераторската програма на Преда плус и X фактор акцелератор, поради ситуацијата со Ковид 19 и препораките, беше одржан како он лине настан преку платформата на Vidict. На 28 април.<br>На овој уникатен настан своите бизнис – идеи ги презентирА 9 тимови, селектирани во конкуренција на 20 претприемачи, кои успешно ја завршија интензивната шестднеделна тренинг и менторска програма. Во рамки на програмата, со експертска поддршка на тренерите обезбедени од страна на X Фактор Акцелератор, учесниците ги доразвија своите бизнис – модели, во сите најважни аспекти за успешно стартување и водење на бизнисот.<br>На Демо Денот идеите беа презентирани пред затворен круг од инвеститори, претставници на јавен и приватен сектор, академија и релевантни чинители на стартап – заедницата. Најдобро оценетите стартап – тимови ќе имаат можност да бидат финансирани од страна на X Фактор Акцелератор, во рамки на проектот кој се реализира со ФИТР, во партнерство со Светска банка.<br>**АНЕКС IX**<br>*Анекс 1- Покана за Демо ден*<br>*Анекс 2 –Учесници на демо ден со редослед*<br>*Анекс 3 – ППП на учесниците на демо ден* | | -Презентирани 9 иновативни бизнис идеи |
| *ПР активности* | Важен елемент во реализацијата на проектот е комуникацијата со јавноста. Во текот на реализацијата на | | -Испромовирана предакцелератоската програма. |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | проектот искористени се социјалните медиуми и портали за комуникација со јавноста<br>1. Повикот за аплицирање во предакцераторската програма искомуницирaн преку ФБ страните на Преда плус и Х фактор акцелератор, како и преку написи во портали.<br>2. ПР постови по социјални медиуми и написи по портали за реализацијата на менторската и тренинг програма<br>3. ПР написи по портали и социјални медиуми за најава и реализација на он лајн Демо ден<br><br>**АНЕКС IV**<br>Анекс 1- FB објави<br>Анекс 2 –Написи по портали | | -Таргетирани учесници за аплицирање во програмата.<br>-презентација и промоција на реализацијата на менторската и тренинг програма<br>-Испромовирана реализација на Демо Ден |
| | | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Демо денот као завршница на предакцелераторската програма на Преда плус и Х фактор акцелератор, беше закажана за 18 март во Велес. Поради настанатат ситуација со Ковид 19 и препораките, бевме приморани настанот да го одложиме.
Со цел да ги реализираме сите предвидени активности и да ги исполниме целите од проектот, понудивме иновативно практично решение за предвидената активност- Организација и реализација на онлајн ДЕМО ДЕН, преку платформа на македонски старт ап. Понуденото решение од наша страна со задоволство беше прифатено од донаторот. Активноста ја реализиравме на 28 април.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Печатење и дистрибуција на флаери | | 2000 флаери | Печатење и дистрибуција на флаери |
| Крирање настан на фб | | Reach: 16.000<br>Event page view: 2000<br>People responded: 263 | Крирање настан на фб |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| Промоција на настан на медиуми | | Post engagement-819 People reached: 6.570 | Промоција на настан на медиуми |
| Промотивен настан | 50 | | Промотивен настан |
| Написи во порталите: Duma (2) , Braking News, Focus, Smart portal | | Просечно по 60 лајкови на портал | Написи во порталите: Duma (2) , Braking News, Focus, Smart portal |
| Спонзориран пост на ФБ за повикот за аплицирање во програмата | | Like: 196 shares: 6 Post engagement: 2053 Post reached: 17.067 | Спонзориран пост на ФБ за повикот за аплицирање во програмата |
| Спонзориран пост на ФБ за повикот за аплицирање во програмата | | Like: 135 Shares: 15 | Спонзориран пост на ФБ за повикот за аплицирање во програмата |
| ФБ промоција на најава на ДЕМО ДЕН | | Два постови generic reach x 430 | |
| Написи за ДЕМО ден во национални портали | | 7 портали x 400 reach=28.000 reach | Седум објави во 7 национални портали |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Посакуваниот резултат на проектот беше да се надградат постојните потенцијали на Вардарскиот регионот и човечките ресурси, фокусирајќи се на едуцирани граѓани во областа на претприемништвото, влегување на пазарот на трудот и подобрување на економијата во регионот.
Остварени се проектираните резултати:

Резултат 1: Креирана пред- акцелераторска програма за потребите на Вардарски регион
Резултат 2: Креирана ПР кампања за промоција на акцелераторска програма
Резултат 3: Креиран повик за селекција на идеи во пред-акцелераторската програма и искомунициран со јавност
Реазултат 4: Избрани 20 учесници за пред-акцелераторската програма
Резултат 5: Реализирана менторска и тренинг програма со 20 учесници на пред-акцелераторската програма
Резултат 7: Реализирани активности за вмрежување
Резултат 8: Презентирани бизнис идеи на Демо Ден

Согласно впечатоците од питчингот на онлајн Демо Денот, како и претходно направената due diligence анализа на најатрактивните стартап - идеи, кои имаа најголем прогрес во текот на пред - акцелераторската програма, голема е веројатноста Комитетот за одобрување

инвестиции на X Фактор Акцелератор да донесе одлука за инвестирање во минимум една бизнис - идеја од оваа група учесници. Дополнително, можно е да стартуваат и посериозни преговори со уште 2 - 3 бизнис - тимови, што ќе претставува исклучително позитивен моментум во однос на крајниот резултат на проектот. Промоцијата на овие резултати ќе претставува дополнителен стимул за младите од регионот, сè повеќе да размислуваат за претприемачки иницијативи и стартување сопствени бизниси како двигатели на регионалниот економски развој.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **100.000** | **99999** | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 90.000 | 89999 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 10.000 | 10000 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **40000** | **40180** | |
| Транспорт | 18.000 | 17880 | |
| Хотелско сместување | 12.000 | 12300 | Пренамена Демо Ден |
| Дневници | 10.000 | 10000 | |
| **III. Опрема (вкупно)** | **15000** | **14990** | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Лаптоп | 15000 | 14990 | Одобрена модификација фотоапарат |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **17000** | **16999** | |
| Канцелариски материјали | 17000 | 16999 | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **12000** | **12022** | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 12000 | 12022 | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата** | **356000** | **356000** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| **Комуникациски продукти** | **56000** | **56000** | |
| Флаери | 6000 | 6000 | |
| Банер | 2000 | 2000 | |
| Експерт за социјални медиуми | | 48000 | |
| **Модератори** | **60000** | **60000** | |
| **Експерти (ментори едукатори)** | **240000** | **240000** | |
| Консултанти за работилници | 40000 | 40000 | |
| Консултант за ПР | 10000 | 10000 | |
| Тренери | 100000 | 100000 | |
| Ментори | 90000 | 90000 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **540000** | **540190** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Битола, 19. 06. 2020 год.
(Место) (датум)

Марјана Миклевска, Директор
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)

Фондација за одржлив економски развој
ПРЕДА ПЛУС
Битола 1

Фондација за одржлив економски развој
ПРЕДА ПЛУС
Битола